Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

[redacted]

26/III/13
Купиоѓ.

Република Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
ВИНИЦА

| Примено | 29.11.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03- | 798/2 | - | - |


Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Ул. Даме Груев број 6, 1000
Скопје,
Република Македонија
Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk


Архивски знак ___________
Рок на чување ___________
Датум: ________ . 20 __ год.
Скопје
Потпис
____________________

**Датум: 21.11.2013 година**

**До: ОПШТИНА ВИНИЦА**

**Виница**

**Предмет: Согласност**

**Врска: Наш бр.21-9852/2**

**Ваш бр.03-798 од 09.10.2013 година**

Почитувани,

Министерството за транспорт и врски постапувајќи по Барањето бр.03-798 од 09.10.2013 година на Општина Виница за обезбедување на согласност за внесување на посебни дополнителни услови во Објава за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање, врз основа на член 51 и член 53 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на Република Македонија бр.59/13), ја дава следната

## СОГЛАСНОСТ

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на општина Виница** да примени **посебен дополнителен урбанистичко-архитектонски услов**-Идниот купувач при реализација на идниот објект, има обврска да обезбеди 15 (петнаесет) дополнителни, бесплатни, надворешни паркинг места за возилата сопственост на државните и локалните органи сместени во зградата на ул. "Бел Камен" бр.13 (собраниска зграда) **во Објавата за отуѓување** на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање **на градежната парцела бр.8** предвидена со ДУП за дел од Блок 11, усвоен од Советот на Општина Виница со Одлука бр.07-880 од 14.08.2008 година со основна намена А2-семејно домување во стамбени згради со компатабилни намени Б2-големи трговски единици, Д1-парковско зеленило и Д2-заштитно зеленило.

**Укажување:** Ви укажуваме дека при отуѓување на предметното градежно земјиште сопственост на Република Македонија, согласно член 49 точка 1 став 12 од Законот за градежно земјиште, во Објавата да утврдите дека на катастарските парцели кои ја сочинуваат градежната парцела бр.8 има инфраструктурни инсталации за водоводни баштенски хидранти и електрика со канделабри за јавно осветлување и дека обврската за нивно отстранување паѓа на товар на најповолниот понудувач односно купувач.

**МИНИСТЕР**
**Миле Јанакиески**

изработил советник: Весна Пантазиева-Колевска
проверил:Раководител на одделение со овластување: Стојанче Донев
одобрил:Раководител на сектор: Димитар Димовски

: